# ЗАПИСНИК
## од 10-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 07.03.2025 година

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, д-р Методија Јанчески, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:/**

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба преку видео конференциска врска:** м-р Драгица Љубевска, Цветанка Митревска, м-р Арѓенд Целили, Маја Дамевска, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Претседателот на Советот, Лазо Петрушевски ја отвори 10-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 09:35 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои следниот :

## Д Н Е В Е Н  Р Е Д

1. Усвојување на Предлог-записник од 2-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 28.02.2025 година.
2. Усвојување на Предлог-записник од 9-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 28.02.2025 година.
3. Предлог за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за радио емитување за ТРД РАДИО РЕД ФМ ДООЕЛ Тетово.
4. Предлог-решение за бришење од регистарот на радиодифузери на Трговското друштво за радио-дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје.
5. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка - стока: Лиценци за софтвер за автоматско бекапирање на податоци.
6. Предлог за давање одобрување за донесување на одлука за набавка на услуга со проценета вредност под вредносните прагови за примена на Законот за јавните набавки.
7. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои предложениот Записник од 2-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 28.02.2025 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои предложениот Записник од 9-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 28.02.2025 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 3**

Г-дин Трајчевски го образложи предлогот за запирање на постапката за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД РАДИО РЕД ФМ ДООЕЛ Тетово. Тој објасни дека радиодифузерот, по иницирањето на постапката, го уплатил целосниот годишен надоместок во дополнителниот законски рок од 15 дена. Врз основа на ова, се предлага до Советот да ја запре постапката.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговско радиодифузно друштво РАДИО РЕД ФМ ДООЕЛ Тетово, Уп1 бр.08-133 од 07.09.2023 година.

Согласно Известувањето за извршена уплата бр.05-754/2 од 06.03.2025г., ТРД РАДИО РЕД ФМ ДООЕЛ Тетово, годишниот надоместок за дозволата за радио емитување го плати во целост, според доставената ф-ра бр.2025-100-0069 од 10.01.2025 година.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 4**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлог-решението за бришење на Трговското друштво за радиодифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје од регистарот на радиодифузери. Тој појасни дека станува збор за техничка постапка, бидејќи по одземањето на дозволата неопходно е радиодифузерот да биде избришан од регистарот. Изрази надеж дека во дополнителниот период од 30 дена радиодифузерот ќе успее да обезбеди финансиски средства и, преку тужба пред Управниот суд, ќе ја врати дозволата.

Г-дин Петрушевски истакна дека, доколку радиодифузерот успее да ги обезбеди потребните финансиски средства, Советот ќе даде поддршка за враќање на дозволата.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за бришење од регистарот на радиодифузери на Трговското друштво за радио-дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 5**

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки, Цветанка Митревска, го образложи Предлогот за одобрување на постапката за јавна набавка на стока – лиценци за софтвер за автоматско бекапирање на податоци. Таа објасни дека целта на оваа набавка е да се обезбеди зачувување на податоците на Агенцијата и заштита од потенцијални закани кои можат да ја загрозат безбедноста на ИТ системите. Набавката е предвидена во Годишниот план за јавни набавки, а средствата се обезбедени во Финансискиот план на Агенцијата. Со оглед на проценетата вредност, постапката ќе се спроведе како набавка од мала вредност, што значи дека ќе започне со објавување преку електронскиот систем за јавни набавки. Сите дополнителни информации за оваа постапка се содржани во материјалите доставени за седницата.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-стока: Лиценци за софтвер за автоматско бекапирање на податоци.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот: Лиценци за софтвер за автоматско бекапирање на податоци, е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2025 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-5321/1 од 27.12.2024 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2025-та година.

**Точка 6**

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки, Цветанка Митревска, го образложи Предлогот за одобрување на донесување одлука за набавка на услуга со проценета вредност под вредносните прагови за примена на Законот за јавните набавки. Таа објасни дека Дирекцијата за заштита и спасување доставила известување до АВМУ, во кое се наведува дека Агенцијата треба да изготви План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи, базиран на процена на загрозеност од природни непогоди и други несреќи, како и Правилник за заштита од пожари и експлозии. Бидејќи Агенцијата нема внатрешна експертиза за изработка на овие документи и со оглед на проценетата вредност на набавката, беше заклучено дека таа ќе се спроведе под вредносните прагови, што значи дека за неа не важат одредбите на Законот за јавните набавки. Поднесено е барање до директорот, кој одобри средства во износ од 60.000,00 денари за оваа набавка. Обезбедени се три понуди, при што најниската понуда се вклопува во предвидениот износ. Врз основа на ова, се предлага да се даде одобрување на директорот за реализација на набавката, согласно наведеното во материјалите.

Г-дин Петрушевски истакна дека образложението на раководителката беше коректно и дека во него не беше наведен понудувачот, туку само финансиските аспекти на набавката. Истото ќе биде наведено и во заклучокот од точката.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување директорот на Агенцијата да донесе Одлука со која се одобруваат финансиски средства во износ од 60,000.00 без ДДВ (70.800,00 денари со вклучен ДДВ), за набавка со проценета вредност под вредносните прагови со примена на Законот за јавните набавки, за набавка на услугата – изработка на: Процена на загрозеност од природни непогоди и други несреќи,

Правилник за заштита од пожари и експлозии и План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи.

За реализирање на горенаведената набавка средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2025-та година.

**Точка 7**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**